АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 21.05.2019

Орг. единица	Број	Прилог	Вредност
10	2841	1	

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 24 април 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 21 мај 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Членот 98, став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации*);

   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);

6. **Претходно изречена мерка:**

На 18.03.2019 година, за непочитување на членот 98, став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 14 став 5 од Правилникот за нови рекламни техники, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка јавна опомена (Уп1 бр. 03-138, од 18.03.2019 година) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје.

Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението (18.03.2019 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 24 април

2019 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на членот 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 14 став 5 од Правилникот за нови рекламни техники.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

Сектор за програмски работи